**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Friday, March 28, 2025 2:52 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Реакција на ЦИВИЛ]


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 01.04.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 9 | | |


Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Реакција на ЦИВИЛ
From:
Date: Fri, 28 Mar 2025 13:52:37 +0000
To: "contact@avmu.mk" <contact@avmu.mk>

Почитувани,

Медиумската платформа на ЦИВИЛ овие денови е мета на голем број манипулативни и лажни наративи, клевети и навреди, чија цел е дискредитација на медиумот и организацијата и спречување на објективното и коректно информирање на јавноста.

Еден од тие напади е прилогот на ТВ Алфа каде што се манипулира со вистината и се наведува дека ЦИВИЛ повикува на протести, при што публиката се наведува на погрешен заклучок дека на тој начин се злоупотребуваат емоциите по трагедијата во Кочани. Во тој контекст се ставени и изјавите од кои се еднострани и злонамерни, како и прилогот во целост. ТВ Алфа во ниту еден момент не се обрати кај нас да ги провери своите наводи.

Без оглед на тоа што на крајот од прилогот во ТВ Алфа се наведува организаторот на јавниот собир на 17 март, тенденцијата да се нанесе штета е повеќе од очигледна.

Исто така, ЦИВИЛ беше мета и на злонамерни објави со лажи вести, навреди и клевети на социјалните мрежи и на мкпресс.еу, каде што се бележи и говор на омраза.

Лажните обвинувања и навредите не застануваат само на ЦИВИЛ. Нетпрес започна еден лажен наратив, кој потоа го преземаат други портали од истото миље, за да го „дофилува" плусинфо, во кој како неформален координатор и инспиратор на процесите за „правење дестабилизација и злоупотребување на трагедијата од Кочани", меѓу другите се споменува и претседателот на ЦИВИЛ,

Ваквиот однос во јавноста и медиумите е неприфатлив и очекуваме да биде решително отфрлен и осуден од Судот на честа при ЗНМ, Советот за етика во медиумите (СЕММ), Самостојниот синдикат на новинарите на Македонија (ССНМ) и Агенцијата за аудиовизуелни и визуелни услуги (АВМУ).

Оваа реакција ја упатуваме сега, затоа што со ништо не сакавме да предизвикаме било каква реакција за време на деновите на жалост.

Благодарам во името на Редакцијата ЦивилМедиа, граѓанската организација ЦИВИЛ – Центар за слобода и во свое име.

Срдечен поздрав,

Главен уредник на ЦивилМедиа

Претседател на ЦИВИЛ – Центар за слобода

--
This message has been scanned for viruses and
dangerous content by **MailScanner**, and is
believed to be clean.